# ‚Оној што се бори за да се воздигне Аллаховиот збор, тој е на Аллаховиот пат.‘“

Ебу Муса, радијаллаху анху, вели: „Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, бил прашан за човекот кој се бори за да покаже храброст, заоној кој се бори заради лојалност и за оној кој се бори за слава (убав помен) – кој од нив е на Аллаховиот пат? Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, на ова прашање, одговорил: ‚Оној што се бори за да се воздигне Аллаховиот збор, тој е на Аллаховиот пат.‘“
[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, бил прашан за намерите на борците: некој се бори бидејќи е храбар, некој пак затоа што е лојален кон некого, додека третиот за да биде забележан од луѓето, или од некоја друга причина. Кој од нив е на Аллаховиот пат? Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, одговорил дека борец на Аллаховиот пат е оној што се бори за да се воздигне и да надвладее Аллаховиот збор.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/2969